Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 мај 2020 година, донесе

# УРЕДБА
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

**ОБЈАВЕН ВО:** "Службен весник на РСМ", број 123/20 од 13.05.2020 година
**ИЗМЕНА ВО:** "Службен весник на РСМ", број 140/20

**Член 1**

(1) Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16 и 64/18 и 120/18), ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

(2) За веродостојноста на сметководствените документи врз основа на кои се водат трговските книги за рокот за усвојување на ревидираните финансиски извештаи, како и за рокот за доставувањето на одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа, ревидираната годишна сметка, односно ревидираните финансиски извештаи за 2019 година до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар на Република Северна Македонија, за време на траењето на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

**Член 2**

За веродостојни сметководствени документи врз основа на кои се водат трговските книги се сметаат и скенирани документи доставени по електронски пат.

**Член 2-а**

Рокот за усвојување на ревидираните финанисиски извештаи од страна на собирот на содружници, односно собранието на друштво, со исклучок на друштвата чии хартии од вредност котираат на берза и друштва кои согласно Законот за хартии од вредност се со посебни обврски за известување, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува по престанокот на траењето на вонредната состојба, за онолку денови колку што траела вонредната состојба.

**Член 3**

Рокот за доставување на одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа, ревидираната годишна сметка, односно ревидираните финансиски извештаи за 2019 година, за големите и средни трговци организирани како акционерски друштва и за големите и средни трговци организирани како друштва со ограничена одговорност, со исклучок на друштвата чии хартии од вредност котираат на берза и на друштвата кои согласно Законот за хартии од вредност се со посебни обврски за известување, до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар на Република Северна Македонија, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува по престанокот на траењето на вонредната состојба, за онолку денови колку што траела вонредната состојба.

**Член 4**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-3993/1**
**12 мај 2020 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија,**
**м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, с.р.**

* * * * * * * *

**Од Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата**
**("Службен весник на РСМ", број 140/20 од 29.05.2020)**
**Член 4**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-4747/1**
**29 мај 2020 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија,**
**м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, с.р.**